Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-286/2
09.08. 2024 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 35-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 25.07.2024 година, со почеток во 15.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 34-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог- Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2024 година.
3. Предлог- Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП. 4.1 и ГП 4.2 од урбанистички проект за село за формирање на градежни парцели со намена А1.1- станбени куќи- слободностоечки на дел од КП 29/1, КО Градско од измена и дополнување на урбанистички план за село Градско (Одлука број 08-89/10 од 26.02.2021 година).
4. Предлог Одлука за утврдување на реонизација на основното училиште во Општина Градско.
5. Разгледувања на барања и поднесоци.
6. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 35-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 34-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 34-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 34-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 34-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Емилија Тасевска Колева од општинската администрација која истакна дека програмата треба да биде дополнета со шест нови проекти од кои за пет веќе е отпочната постапка во систем е-урбанизам, а за еден за кратко време ќе почне постапката. Иницијатаивите за сите шест проекти се веќе одобрени од Ваша страна.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Градско за 2024 година.

*3.Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП. 4.1 и ГП 4.2 од урбанистички проект за село за формирање на градежни парцели со намена А1.1- станбени куќи- слободностоечки на дел од КП 29/1, КО Градско од измена и дополнување на урбанистички план за село Градско (Одлука број 08-89/10 од 26.02.2021 година).*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Емилија Тасевска Колева од општинската администрација. Од страна на Влатко Иванов поднесено е барање за парцелација. Одобрени се урбанистички проект и ревизија од страна на комисијата за урбанизам, известување за изработка на проектот е доставена до соседите на кое нема забелешки, треба да се донесе одлука од Ваша страна за утврдување на урбанистички проект.

Слободан Бошков- ја оформува парцелата каде што живее.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП. 4.1 и ГП 4.2 од урбанистички проект за село за формирање на градежни парцели со намена А1.1- станбени куќи- слободностоечки на дел од КП 29/1, КО Градско од измена и дополнување на урбанистички план за село Градско (Одлука број 08-89/10 од 26.02.2021 година).

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП. 4.1 и ГП 4.2 од урбанистички проект за село за формирање на градежни парцели со намена А1.1- станбени куќи- слободностоечки на дел од КП 29/1, КО Градско од измена и дополнување на урбанистички план за село Градско (Одлука број 08-89/10 од 26.02.2021 година).

*4.Одлука за утврдување на реонизација на основното училиште во Општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за утврдување на реонизација на основното училиште во Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за утврдување на реонизација на основното училиште во Општина Градско.

*5.Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање од Ѓулбеар Фазлиова од Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

б) Барање од Анче Стаменов од с.Виничани, општина Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

в) Барање од Мелиса Хасаметај од с.Кочилари, општина Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

г) Барање од Атиџе Елезова од Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

д) Барање од Анѓелко Николовски од с.Виничани, општина Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

ѓ) Барање од Асија Хамза од с.Уланци, општина Градско за доделување парична помош за новороденче.
По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

е) Барање од Елена Будимова од с.Уланци, општина Градско за доделување парична помош за новороденче.
По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

ж) Барање од Бурим Демири од Градско за доделување парична помош за новороденче.
По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

з) Барање од Енис Ука од Градско за доделување парична помош за новороденче.
По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

ѕ) Барање од КУД „Стоби" од Градско за доделување на финасиски срества за ангажирање на кореодраф и други тековни активности.
По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

и) Барање од ФК „ТИМ Локомотива 2018" од Градско за доделување на финансиски средства за покривање на трошоци за учество на натпревари, тековни активности и набавка на спортска опрема.
По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

ј) Барање од Борче Ѓорѓиев од Јурумлери за доделување на финасиски средства за санирање на штети од пожар.
Слободан Бошков- на вакви случаи навистина треба да се помогне.
По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на сфинансиски редства.

к) Барање од Ѓорѓи Самандов од Градско за доделување на финансиски средства за лекување.
Боне Спасовски- и јас немам земено плата три месеци и немам осигурување, одам на лекар приватно, треба ли и јас да барам средства.
Слободан Бошков- сметам дека барањето не е оправдано.
Јованче Стојанов- зборувавме и предходно да се направи правилник и проблемот со Ѓорѓи требало да се реши на некој начин.
Слободан Бошков- да има правилник со критериуми.
По разгледување на барањето советниците со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

л) Барање од Сухамед Демири од Градско за доделување на финансиски средсва за лекување.
По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

љ) Барање од Грозда Богеска од Градско за доделување на финансиски средсва за лекување.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

м) Барање од Маца Илиева од Градско за доделување на финансиски средсва за лекување.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

н) Барање од Организација на жени на општина Велес од Градско за доделување на финансиски средсва за сервис за психосоцијална поддршка на жени и деца жртви на семејно насилство.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

*6.Разно*

Боне Спасовски- и на минатата седница побарав седниците да се одржуваат во 12.00 часот или порано како што било и предходно, а не во 15.00 часот не хумано, не е човечки.

Мирјана Ѓорѓиева- имаме обврски.

Маја Андовска- седниците ќе се снимаат или не. Се пофаливме дека имаме опрема, а се уште не се уклучени микрофоните. Кога се планира да се снимаат седниците.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 35-та седница во 15:30 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева